Food and Agriculture Organization of the United Nations

Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија

# Северна Македонија и Зелениот климатски фонд Проектен билтен

Јуни 2019, број # 2




## Краток преглед на проектот

Проектот “Поддршка за управување со ефективен национален координативен механизам за Зелениот климатски фонд” е прв проект на Република Северна Македонија од Програмата за подготвеност и подготвителна поддршка на Зелениот климатски фонд (ЗКФ). Го спроведува Организацијата за храна и земјоделство при ООН (ФАО) под раководство на Кабинетот на Заменик на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, како Национален назначен орган (ННО) за Зелениот Климатски Фонд (ЗКФ).

Проектот се фокусира на зајакнување на институционалните капацитети на ННО со цел ефективно да ги исполнува своите улоги и одговорности поврзани со ЗКФ, да ги креира потребните партиципативни процеси за вклучување на сите засегнатите страни на национално ниво, како и да започне со подготовка на Национална Програма за ЗКФ усогласена со националните приоритети за адаптација кон и ублажување на климатските промени, со Целите за одржлив развој и со инвестиционите критериуми на Зелениот Климатски Фонд.




**Прва национална консултативна средба, Скопје**

## Неодамнешни активности

### Прва национална консултативна средба во рамки на Програмата за подготвеност и подготвителна поддршка на ЗКФ




**Прва национална консултативна средба, Скопје**

На 7 јуни 2019 г. во Скопје се одржа првата од четирите национални и суб-национални консултативни средби планирани во рамки на подготвителните активности за ЗКФ. Повеќе од 50 претставници од релевантни министерства, национални институции, меѓународни организации, академијата, граѓанскиот и приватниот сектор беа информирани за статусот на владините активности поврзани со имплементација на Целта за одржлив развој 13 за Климатска акција. Заинтересираните страни беа запознаени и консултирани за нацрт-механизмот и критериумите за приоритизација на стратешки проекти во врска со климатските промени кои ќе се развиваат во Северна Македонија за финансирање преку ЗКФ.

Проектниот тим под раководство на ННО изработи конкретен предлог за механизмот за приоритизација и критериумите за подобност и приоритизација на инвестиции за финансирање преку ЗКФ – кои ќе се презентираат на претстојната Втора национална консултативна средба закажана за 12-13 јули во Маврово.

## Во фокусот овој месец:

Во текот на месец јуни 2019 година, ННО го водеше тимот на проектот да работи на подготовка на:

- Предлог за Координативен механизам во врска со ЗКФ во Северна Македонија;
- Предлог Процедура за приоритизација на проектни/програмски идеи во земјата кои би се финансирале преку ЗКФ;
- Преглед на најнови состојби со стратегии и политики во врска со климатски промени;
- Предлог постапка за следење, мониторирање и воведување на климатските финансии во Северна Македонија;
- Методологија, истражувања и брошура за вклучување на родовите прашања, малцинствата и ранливите групи во активностите во земјата поврзани со ЗКФ

## Национален механизам за координација во врска со ЗКФ

Ефективното искористување на финансиските средства од ЗКФ бара силна институционална рамка и ефективен ангажман и координација на засегнатите страни на национално ниво. Сеопфатна анализа беше спроведена во периодот мај-јули 2019 година, вклучувајќи интервјуа со засегнати страни и ревизија на постојната структура на сите национални тела, комисии и совети релевантни за прашања поврзани со одржливиот развој, финансирањето и климатските промени. Предложена е следната организациона шема на Националниот совет за одржлив развој, како национален координативен механизам за донесување одлуки за прашањата поврзани со ЗКФ:




**Легенда:**

- ННО: Национален назначен орган
- ННО - ССК: ННО- Стратешки советодавен комитет
- САГ: Секторска ад-хок група
- ТРГ - НСОР: Техничка работна група во рамките на НСОР
- НСОР: Национален совет за одржлив развој

## Приоритизација на климатски инвестиции за финансирање преку ЗКФ

Врз основа на сеопфатна анализа на клучните климатски стратешки документи развиени во Северна Македонија, идентификувани приоритетни сектори за климатска акција се: енергија, транспорт, води, земјоделство, отпад, биолошка разновидност, здравство, шумарство, културното наследство.

Проектите претенденти за финансирање преку ЗКФ мора да имаат влијание преку намалени емисии (ублажување) и зголемена отпорност кон климатските промени (адаптација) во барем еден од националните приоритетни сектори за климатска акција, и истовремено да се усогласени со стратешките инвестициските области на ЗКФ, како што е прикажано на сликата подолу:




**Стратешки инвестициски области на ЗКФ**

## Проект од ЗКФ – "Зелени градови"

Проектот има основна цел да овозможи транзиција на градовите кон одржлив урбан развој со ниско ниво на јаглеродни емисии. Тој е тесно поврзан со инвестициските области на ЗКФ како што се производство и пристап до енергија, транспорт, згради, градови, индустрии и апарати, услови за живот и заедници, инфраструктура.

Проектот е одобрен од ЗКФ во Октомври 2018 и има очекувано времетраење од 23 години. Ќе биде имплементиран од ЕБРД, со учество на националните влади и општини во земјите учеснички: Северна Македонија, Албанија, Ерменија, Грузија, Јордан, Монголија, Молдавија, Србија, Тунис.

### Претстојни настани

**Скопје, 10 јули 2019**

Дискусија на фокус група за процедурите за следење, мониторирање и насочување на климатските финансии во Република Северна Македонија

**Скопје, 11 јули 2019**

Работилница за калибрација на механизмот за приоритизација и координација за Зелениот климатски фонд

**Маврово, 12-13 јули 2019**

Втора национална консултативна средба на засегнати чинители

Се очекува дека по серијата настани што ќе се одржат во јули, националните засегнати страни ќе бидат запознаени со предложениот координативен механизам за ЗКФ, постапката и критериумите за приоритизација на ЗКФ инвестиции, и ќе се реализира првична расправа за процедурата "Без – приговор" во контекст на развојот на идни проектни и програмски идеи во Северна Македонија за финансирање преку ЗКФ.

### КОНТАКТ

**Кабинет на Заменик на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори – Национален назначен орган за Зелениот климатски фонд**

- daniel.josifovski@gs.gov.mk
- olimpija.zaevska@vlada.gov.mk

**Организација за храна и земјоделство при ООН (ФАО) Партнер за имплементација**

- Carmen.arguellolopez@fao.org
- Igor.Slavkoski@fao.org

### СПОДЕЛЕТЕ И ЗАЧЛЕНЕТЕ СЕ

**Доколку не сакате да го добивате овој билтен, ве молиме испратете е-маил на: FAO-MK@fao.org**

Some rights reserved. This work is available under a CC BY-NC-SA 3.0 IGO licence

©FAO, 2019
CA5705MK/1/09.19